# COMPTES RENDUS BIBLIOGRAPHIQUES – КРИТИКА И БИБЛИОГРАФИЈА

MACDONALD, Paul, S., *History of the Concept of Mind.* Vol. 2. *The Heterodox and Occult Tradition.* "Ashgate", Aldershot 2007; Pp. 460.

Во рамките на своето долгорочно истражување на големите идеи за душата (soul), духот (spirit) и умот (mind), Пол Мекдоналд (1951) првично се зафаќа со водечките доктрини од Антиката наваму што е објавено во неговата книга *History of the Concept of Mind* vol. I ("Ashgate", Aldershot 2003). Во вториов том од книгата под истиот наслов, поднасловот (*The Heterodox and Occult Tradition*) упатува дека авторот се зафаќа со окултните и хетеродоксни учења во кои се обликуваат и развиваат сродни идеи со горе-споменатите (душа, дух и ум), но на еден формален план тие се јавуваат на страна или во сенка од главните мисловни токови на европската култура во Антиката и Средновековието. Основните обележја на овие хетеродоксни учења се езотеричноста (учењето се пренесува во затворени кругови, на страна од јавноста) и упатеноста на посебни техники на духовно напредување кои се во тесна врска со магијата и ритуалите (стр. XIV).

Целиот материјал е распределен во 7 глави.

Првата глава го носи насловот *Идеите за човековата природа во античкиот Блиски Исток*, но поодблизу ги обработува идеите за животот, смртта и душата во Египет, Месопотамија и во зороастричката религија. Наспроти Џ. Тејлор кој верува во дуалистичка концепиција на човековата природа кај Египќаните, Мекдоналд, потпирајќи се на некои понови истражувања, тврди дека сложениот концепт на човекот во Египет е заснован на идејата за еден единствен живот на секое живо суштество кој трае во континуитет и пред и по смртта на единката. За тоа говорат не само апстрактните поими како што е *akh* (божествена форма во која преминува доблесното човечко суштество по напуштање на овој свет) туку и обичајот на мумифицирање на човековите телесни органи за кои се верува дека имаат посебна функција и по смртта на човекот (стр. 20–21).

На крајот од истражувањето на истородните идеи во Месопотамија, авторот признава дека обидот тие еднозначно да се објаснат е фрустрирачки бидејќи тука поскоро може да се говори за „когнитивни комплекси" одошто за концепти. Во тој поглед, „архаичниот комплекс" на смртта означува премин од еден во друг облик на суштествување, но тоа не мора да значи одвојување од телесниот облик. Вистинската суштина на секое живо суштество се јавува низ различни облици од кои овоземниот облик се издвојува со тоа што е врзан за живот на овој свет.

Оригиналните авестиски текстови исто така не даваат можност еднозначно да се дефинира човековата природа според зороастриската традиција. Но, и покрај тоа, може да се рече дека тука душата како животна сила (*anima* или *anma*) се издвојува и со својата моќ да управува со телото, додека во самата душа се јавува „суштествената сила" (*ox*) на свест, мудрост и дух.

Посебно внимание Мекдоналд посветува на шаманистичкото искуство (гл. 2) на еден широк простор на Централна Азија, но со намера да покаже дека таквото искуство им било добро познато и на Хелените уште од најстарите времиња. Со таа цел тој споменува некои ликови од митологијата како Херакле чиешто лудило се поврзува со дејствието на шаманистичките екстатични средства, но исто така укажува на орфичката традиција и на питагорејците и Емпедокле во чии фрагменти откриваме дека шаманизмот силно се раширил во раниот класичен период. Употребата на посебниот грчки збор *goēs* кој означува некој што практикува шаманистички дејствија дополнително сведочи дека тоа им било добро познато на грчките автори.

Во третата глава се обработуваат тајните учења за душата во покласичниот свет. Тука прво се расправа за зборникот на учења познат под насловот *Hermetica* за кои се верува дека потекнуваат од вториот и третиот век наша ера. Во однос на дилемата дали изложените погледи во овие списи се одраз на египетската религиозна или грчката философска традиција, Мекдоналд го прифаќа двојното влијание, но ја истакнува доминацијата на Платоновите и неоплатонистичките идеи за душата.

Следното истражување на различните гностички идеи за потеклото, составот и судбината на човековата природа во некои од главните текстови го доведува авторот до заклучокот дека наспроти различните идејни обрасци, гностицизмот содржи тематско јадро што ѝ дава единство на целата доктрина. Тоа е концептот според кој човекот е состав од хетерогени елементи, од светлина и темнина, добро и лошо.

Во текстот посветен на манихејскиот концепт на човекот како суштество составено од два дела – тело и душа, се подвлекува дека тука не се работи за потполна исклучивост на двете компоненти туку за дуализам кој подразбира степенување меѓу две крајности – темното и светлото, два света – сетилниот и интелигибилниот. Посебно внимание кај нашиот читател предизвикува освртот кон богомилството како израз на манихејството на балканските простори, но тука авторот се потпира исклучиво на секундарна литература без напор да изгради свој изворен, посебен став.

Во рамките на поднасловот за пророштвата, ритуалот и теургијата, авторот се задржува прво на *Халдејското пророштво*, списи кои од некои неоплтаноничари биле сметани за свети. Притоа го наведува мислењето на специјалистите дека тука се работи за бизарна и опскурна доктрина која била предмет на многу философски коментари. Местото и улогата на душата во овие списи во голема мера се дифинираат под влијание на Платон и неоплатонизмот, а авторот ја истакнува светската душа како начело кое го разделува и наедно поврзува интелигибилниот и сетилниот свет. Во продолжение следи осврт на теургиската теорија и пракса на истакнатите претставници на неоплатонизмот: Порфириј, Јамблих и Прокле. За разлика од Плотин кој во потполност ги игнорирал *Халдејските пророштва* и теургијата, споменатите негови директни и индиректни следбеници се издвојуваат како истакнати познавачи во таа област при што поимот душа има значајна улога.

Четвртата глава е посветена на Византија. Откако дава преглед на поновите истражувања на византиската философија и обидите да се направи периодизација во нејзиниот развој, авторот се задржува на ставот на Линос Бенакис според кого за вистинска, автентична византиска философија може да се зборува од епохата на Фотиј (деветти век) до пропаста на

Империјата во петнаесетиот век. Прифаќајќи го ова гледиште, Мекдоналд ги обработува само неколкуте истакнати имиња од тоа време. Во општиот осврт кој претходи, се истакнуваат основните идеи што го дефинираат византискиот светоглед: почитувањето на иконите како посебност на источното православие, поимот на деификација (обоготворување) и во случајов најважното – новата антропологија во која телото добива бесмртност. За разлика од античкото издвојување на душата како бесмртен дел од човекот наспроти телото како смртно, христијанството развива доктрина според која душата и телото можат заедно да воскреснат благодарение на Божјата милост.

Од византиските автори, по прашањето за душата посебно се издвојува Максим Исповедникот (што на некој начин претставува излегување од рамките на периодизацијата која беше напред назначена) кој во своето дело *За душата* ја докажува нејзината бесмртност врз основа на начелата на едноставност и самодвижење. Оваа аргументација како и некои други елементи покажуваат дека Максим изворно тргнува од позициите на неоплатонизмот. Кај Михаил Псел се истакнува идејата за хармоничен однос меѓу телото и душата, а кај Плитон се укажува на посебностите на неговата космичка схема во која посебно место добиваат човековиот ум и душа.

Петтата глава е посветена на христијанските мистични идеи за душата. Тука се преплетуваат старите хеленски идеи со христијанските претстави во контекстот на јудаизмот. Притоа посебно се обработуваат неколку клучни теми: директен однос на човекот спрема Бога, неискажливоста на Божјата суштина, длабочината на човековата душа итн. По општиот пристап, авторот ги разгледува гледишата по овие прашања на Псевдо-Дионисиј, Максим Исповедникот и Ериугена. Понатаму се прикажани идеите за местото на душата во светот во Средниот Век на запад.

Претпоследното поглавје претставува еден широк преглед на претставите за магичната природа на душата тргнувајќи од Средниот Век до почетоците на Нововековието додека последното, седмо поглавје, го обработува проблемот на дуализмот тело-душа во еден широк временски дијапазон од Антиката наваму.

Осврнувајќи се на книгата на Мекдоналд во целина, се наметнува впечатокот дека се работи за добро информиран автор кој своите ставови по разни прашања ги изградува потпирајќи се на компетентните авторитети од областа. Тоа од една страна е доблест на делото бидејќи интерпретацијата се изградува на темелите на општопознатите стандардни толкувања. Од друга страна, недоволното присуство и анализа на изворната литература односно на оригинални текстови од Антиката и Средновековието оневозможуваат авторот да оформи самостојно и оригинално видување. Сепак, со оглед на тоа што намерата на Мекдоналд очигледно била да понуди добро фундиран информативен преглед на основните учења за душата во широк временски распон, на мислење сме дека целта е постигната.

*Витомир Митевски*
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,
Скопје